Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од подносителот -------------- доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на продолжението на 31-та седница одржана на 16.07.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена на 10.07.2020 година од подносителот ------------ до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-2423/1 од 10.07.2020 година, со која се бара повторно постапување на ДКСК по претходно оформен предмет со број 12-1449/1 од 13.03.2019 година, по кој ДКСК постапила и е донесена Одлука со број 12-1449/4 од 01.04.2019 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино повторно постапување во предметот со број 12-2423/1 од 10.07.2020 година од причина што по однос на овој конкретен случај ДКСК веќе постапила по друг предмет заведен со број 12-1449/1 од 13.03.2019 година и се произнела со свој став во донесената Одлука.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата, да се достави Одлуката, со образложение.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-2423/1 од 10.07.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот -------------.

Во пријавата се бара повторно постапување на ДКСК, за наводи изнесени во пријава по која е оформен предметот со број 12-1449/1 од 13.03.2019 година, по кој ДКСК веќе постапила и е донесена Одлука со број 12-1449/4 од 01.04.2019 година. Во повторната пријава како и претходната се укажува на наводи за сомневање за незаконитости внатре во политичка партија поврзани со постапките за избор на кандидати за советници во општините на локалните избори 2017 година, во постапката за избор на генерален секретар на партијата, како и во создавање на логистичка поддршка во креирање на

потребното мнозинство за зачувување на стекнатите партиски и политички позиции во периодот од 2016 до 2018 година.

По разгледувањето на наводите во повторно поднесената пријава за повторно постапување на ДКСК и на содржината на донесената Одлука со број 12-1449/4 од 01.04.2019 година, по предмет кој се однесува на исти наводи и иста фактичка состојба како во повторно доставената пријава, ДКСК го констатира следното:

Наводите во двете доставени пријави укажуваат на состојби кои се случуваат во рамките на политичките партии, кои не можат да се подведат под законската дефиниција на корупцијата утврдена во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Со други зборови, наводите во пријавата не упатуваат на постоење елементи кои укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг. Воедно, предметната пријава не упатува на коруптивно дејствување на службени лица - избрани, именувани или лица кои вршат работи од јавен интерес, ниту посочените дејствија можат да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Македонија.

Од тие причини ДКСК утврди дека по однос на конкретниот случај, ДКСК има постапено и донесено Одлука со број 12-1449/4 од 01.04.2019 година по предметот со број 12-1449/1 од 13.03.2019 година, поради што заклучи дека нема елементи за нејзино повторно постапување по предметот со број 12-2423/1 од 10.07.2020 година.

Имајќи го гореспоменатото, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: м-р Шемши Салаи, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Катица Николовска**